АНА ТЕМКОВА ANA TEMKOVA



# ИМПРЕСИИ ОД СТРУМИЦА

*impressions from strumica*

Н.У.Центар за култура “Антон Панов“- Струмица
N.I. Center for culture "Anton Panov" - Strumica

Н.У.Музеј - Куманово
National Institution - Museum - Kumanovo

Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип
Preserving & Maintance of cultural monuments - Institute Stip

# ИМПРЕСИИ ОД СТРУМИЦА

# *impressions from strumica*

Мај 2006
Струмица

## ОМАЖ ЗА СТРУМИЦА, ИЛИ ПРОТИВ СЕЗАБОРАВОТ

Ана Темкова е сликарка која со својот доследен сликарски јазик се профилира во уметник кој е воспитан на темелната традиција на модерното сликарство. Во одредени социо-културни сегменти, таа не сака да ја симулира, туку сака реално да ја промовира вистината онаква, каква што е во македонската објективна стварност. Не отстапувајќи од својот културен код, таа останува имуна од соблазнувањата и заведувањата од секојдневните трендови. Нејзините ликовни и филозофски ставови кои не кореспондираат со масовната пловидба по површината на туѓите струи, често пати остануваат неразбрани и заобиколени од актуелната критика. Сама, наспроти брановите, но без трошка ароганција и негација на поинаквите дискурси, таа докрај останува искрена пред себеси, доследно бранејќи ја етиката на својата естетика. Каприциозно негувајќи ги остатоците на отфрленото, незгриженото и заборавеното, таа успеа да ја изгради архитектурата на сопствениот, длабоко емотивен, четириесетгодишен творечки живот.

Загрижена за рамнодушниот, индолентен однос кон севкупното културно наследство, од позиција на својот упорен сликарски ангажман, таа истовремено не се фокусира само на недоволната грижа за светото, туку уште повеќе ја проблематизира негрижата за профаното граѓанско архитектонско наследство. Хронично апелирајќи[1] Темкова ја доживува перманентната деструкција како закана, и оваа, некогашна ризница, да се модифицира во легенда, или во дел од археолошките артефакти.

Во нејзиниот сликарски дискурс, зад колористичката експлозија на руинираните фасади, пред се го читаме провокативниот и полемизирачки тон кој е упатен кон затапената колективна културна меморија. Постојаното третирање на овој жанр го актуализира нејзиниот речиси хајдегеровски критички став, кој говори дека без присуство на културното битие на минатото, нема присуство на битието на сегашноста и на иднината. Таа неуморно апелира за решавање на овој проблем кој директно конотира со сеопштата негација на идентитетот на македонското битие. Како ревносен хроничар и поборник против заборавот, преку сликањето на овој жанр, таа се обидува во меморијата на сегашните и на идни поколенија, да ја сочува барем фактографијата за историјата на сакралната и профана архитектура.

Низ временската дистанца од едното до другото престојување во Струмица, Темкова го регистрира постапното и неповратно исчезнување на идентитетот на градот, и неговото заменување со туѓиот, атипичен за македонската култура, идентитет. Нејзиниот став не претендира на клонирање на старите, за современите услови, неадекватни градби. Таа пледира на креативниот континуитет и развој на современата архитектонска имагинација која суптилно би ги испрофилирала новите верзии во кои ќе провејува духот на македонската куќа.

Зад визуелната нарација на преостанатите фрагментирани ансамбли на староградската струмичка архитектура, го препознаваме резигнираниот критички однос кон компетентните општествени структури .

1 - Од бројните апели на Темкова ќе издвоиме само два кои директно говорат за нејзиниот однос кон конкретното наследство. Во 1979 г. таа ќе изјави дека (...) Доаѓам по трет пат овде. Сеуште ги сакам излупените ѕидови на старите струмички куќи кои за жал времето неумоливо ги брише. Ги сакам последните чардаци во кои се кријат ноќни пеперутки. Во 1990 повторно ќе изјави (..) Струмица ја сакам уште од од 1967 г. кога бев прв пат. Само трњата и цвеќињата се побујни од тогаш. Старите куќи веќе ги нема. Ќе се најде уште по некоја руина и тогаш болно го чувствувам стариот простор.

## HOMAGE FOR STRUMICA , OR AGAINST THE FULL OBLIVION

Ana Temkova is an art painter, whose consistent art language profiles her into an artist being educated on the solid basis tradition of the modern art painting. In certain socio- cultural segments, she does not like to simulate, but she likes to promote the real truth - just it is, in a way it is in the Macedonian reality. Keeping steady to hers cultural code, she stays immune to the seduces of the everyday tendencies. Her artistic and philosophic attitudes, that do not correspondent the mass navigation along the surface of some one else's streams, stay not comprehended or neglected by the actual critics, very often. Alone, against the waves, but without a crumb of arrogance or negation of the discourses unlike, she remains completely sincere to herself, consistently defending the ethics of her aesthetics. Capriciously nurturing the remains of that one thrown away- rejected, not preserved or forgotten, she succeeded to shape the architecture of her own, profound emotive, forty years creative life.

Being concerned about the indifferent, indolent treatment toward the entire cultural heritage, from the position of her permanent painter engagement, she does not focus only to the ignorance upon the sacred, further more, she puts more question to the lack of care upon the profane civil architectonic heritage. Chronically appealing [1], Temkova is experiencing the permanent destruction, she experiences it as a threat, even this, former art treasury, to be modified into a legend, or into a part of the archaeological artefacts.

Into her painting discourse , behind the colorful explosion of the ruined facades, first of all we recognize and read the provocative and polemic tone being directed toward the insensitive and dulled collective cultural memory.

The permanent treatment of this kind of genre, emerges hers, almost as of Heidegger critical attitude, that says that without the presence of the cultural essence from the past , there is no presence of the essences from the present nor the future time. She keeps on appealing, to solve this problem which directly connotes a complete negation of the identity of the Macedonian essence.

Appearing as an eager chronicler and defender against the forgetfulness, practicing this genre, she attempts to preserve in the memory of the present and future generations, at least the facto-graphics about the history of the sacred and profane architecture. Through the time distance from one to another stay in Strumica, Temkova registries the progressive and not restorable disappearance of the town identity, and its replacement with the strange, atypical to the Macedonian culture, identity. She does not pretend on cloning of the old one, in the contemporary environment, not adequate constructions. She pleads to a creative continuity and development of the contemporary architectonic imagination, which would profile out, with a certain subtle, the new versions within the spirit of the Macedonian house.

Behind the visual narration of the other fragmentised ensembles of Strumica old town architecture, we recognize the resigned critical relation towards the competent social structures. Deep into the soundless narration, which emptiness and silence penetrates from behind the intonation of the sonorous , warmly coloured joyful colours of the facades set in rhythm, spontaneously she registries, as we have already pointed out, the contemporary individual and collective, culturally not conscious (not coming to sense) Macedonian being.

1 - We comment only two, from the numerous appeals of Temkova, which speak directly about her relation toward the concrete heritage. In 1979 she said that"(...) this is my third time I come here. Yet, I still like the damaged walls of Strumica old houses, with regret upon the time that erases them, inexorably. I like the last porches, shelters of the night butterflies " In 1990, she will say once again"(...) I love Strumica since 1967, since my first stay here. Only the thorns and the flowers have overgrown since that time. No old houses any more. Some ruins to be find, and then the feeling of pain for the old space "

Во длабочините на немата нарација, чија празнина и тишина продира зад интонирањето на звучните, топло обоени разиграни бои на ритмизираните фасади, таа спонтано го регистрира, како што веќе посочивме, современото индивидуално и колективно, културолошки неосвестено македонско битие. Но, она што се наметнува како најпоразителен факт, е тоа што ниту УНЕСКО, кој се грижи за глобалната заштита на светската културна ризница, не може да не заштити од нашиот ендемичен хазарски, самоуништувачки и самонегирачки синдром, кој не е актуелен само во културната сфера, не само во овој, туку и во сите други градови низ Македонија.

Освен доминантното портретирање на екстериерниот и ентериерен архитектонски жанр, во делата насликани на Ликовната колонија во Струмица, Темкова ги третира и другите жанрови кои честопати заемно се прелеваат. Мотивите на различно исколажираните жанрови, тивко опстојуваат во светот на некој конкретен или имагинарен ентериер или екстериер. Во раните дела коишто стилски се разликуваат од подоцнежните, ги регистрираме широките, слободни, речиси арогантни потези на симултаниот, комплементарен однос на боите. Наспроти поновите дела, тие на еден поинаков начин ја организираат оптичката динамичка игра на композициите и ја рефлектираат ведрата, звучна колористичка резонанца, лишена од тежината на носталгичните вибрации. Со подоцнежното градирање, прелевање и хармонизирање на топлите бои, со студените акценти, Темкова ќе ја изгради атомсферата на различните, но секогаш лирски обоени емотивни расположенија. Самостојното презентирање на цвеќето, или неговото доминантно присуство во мртвите природи, ќе биде комбинирано со излитените, разновидни и никому потребни предмети. Овие колористички и композициски барокизирани или слободно третирани мотиви, јасно ќе реферираат на нејзиното радосно интонирано женско писмо. Преземени директно од струмичкото вжештено поднебје, Темкова ќе ги третира со една, речиси вангоговски топла и сочна згусната колористичка магма. Со неа авторката ќе ја исткае одата за чудесните творби на природата. Густата, интензивно топла и блескава палета, во портретирањето на женските ликови ќе ја замени со посмирени тонови. Нејзините ликови ќе ги смести во некој виртуелен, отсонуван ентериер, во кој трепери аурата на некое друго време. Низ благото сфуматирање ќе ги акцентира различните психолошки состојби на карактерите на непознатите ликови. Тие ќе бидат преземени од стари театарски фотографии, или ќе бидат работени според живи модели. Дамите со ладала или со црвени ракавици, иако стилски взаемно се разликуваат, ќе ги ревитализира и ќе ги смести од еден во друг хронотопски контекст.

Во рамките на само една секвенца или епизода, приказните на Темкова ќе бидат третирани со ист енергетски набој. Во зависност од наративната структура, нејзините претстави ќе бидат геометриски редуцирани, или детално цизелирани и ритмизирани. Во густата релјефно третирана материја на бојата или во лазурното нанесување, подеднакво ќе ја читаме нејзината лична поетика. Низ опредметувањето или објектуализацијата на сликите, таа одново ќе ги пресоздава веќе создадените предмети. Нашето внимание спонтано ќе го насочи кон уметничкиот процес на запоставеното, но според проблемското значење, битно прашање на чистиот пластички метод на мислење кој е својствен за традицијата на модернизмот.

Сликите работени во Струмица колористички се разликуваат од нејзините слики кои се работени на други места. Под влијание на атмосферата радикално ја менува згаснатата палета, и низ слободните потези на четката, со леснотија ја пренесува кондензираната светлина врз платната.

Богатото, напластено сликање на Темкова, без сомнение ни ја сугерира потребата од повторното и поподробно исчитување и превреднување на нејзиното севкупно творечко писмо.

Конча Пиркоска

But, the most defeated fact is that even UNESKO, that takes care upon the global preservation of the world cultural treasury, can not protect us from our endemic, hazard, self-destructive and self negating syndrome, which exists not only in the cultural sphere, not only in this, but in the other towns in Macedonia, also.

Beside the dominant portraying of the exterior and interior architectonic genre, in the works created in Strumica art colony, Temkova explores other genres also, which very often undertone between. The motives of differently collaged genres, endure quietly in the world of some concrete, defined or imagined interior or exterior.

In her early works, stylistically different from the later one, we can register the wide and free, almost arrogant moves of the simultaneous, complementary color ratio.

Compared to her later works, they organize the optical dynamic play of the compositions in a different way, and reflect the bright, sonorous colourful resonance, released from the burden of the nostalgic vibrations. Her later interventions by gradation, under toning, and harmonization of the warm colours, using cold accents, will provide the atmosphere of different, but always lyrically coloured emotive tempers.

The solo presentation of the flowers, or its dominant presence in the still life works, will be combined with the banal, various, not of anyone's need objects. These colourful and compositionally in baroque or freely treated motives, clearly will refer to her joyfully intonated female writing.

Taken, directly from Strumica hot ambiance, Temkova will treat them with a kind of Van Gogh's warm and richly dense colorful magma. This is how she woven the ode of the wonderful Nature creations. The rich, intensively warm and shiny pallet, while portraying the female images will be replaced by the pastel tones. She will place her images in some virtual, dreamed interior. where at the aura vibrations of some other time is present. Using a light sfumato technique she emphasizes the different psychological conditions of the unknown faces characters. They will be taken from the old theatre photographs, or will be created on life models.

The ladies with fans or with red gloves, despite the evident stylistic difference between, will be revitalized and placed in one other chronotopic context. Within the frames of a sequence or episode only, Temkova's narrations will be treated with an equal and same energetic charge. Depending on the narrative structure, her visions will be reduced geometrically, or in detail engraved and set in rhythm. In the rich, relief treated substance of the paint or in the lazure way of painting, we will find and read the poetry of her own . Treating the objects in her paintings , she will recreate , already created objects. She will turn our attention to the art process of that being thrown away , but according the problematic significance, very important question of the pure plastic method of thinking , characteristic for the tradition of modernism.

Her works, created in Strumica, differ in colours from the one created in some other places. Influenced by the atmosphere ,she radically changes the pastel palette, and using free brush strokes, easily transfers the condensate lightness onto the canvas.

There is no doubt that the rich, in layers painting of Temkova, suggests us the necessity of once again and more detailed reviewing and re-evaluation of her entire creative writing.

Koncha Pirkoska



СОФИЛАРСКО ЦВЕЌЕ,
масло на платно,
55,5x39,5, 1989,
сопственост на
Томе Босиљанов

FLOWERS OF SOFILARI,
oil on canvas, 55.5 x 39.5, 1989,
owned by Tome Bosiljanov



ДАМА СО ЦРВЕНИ РАКАВИЦИ,
масло на платно, 100 x70 , 1968,
сопственост на Јанев Благој,
Струмица

LADY WITH RED GLOVES,
oil on canvas, 100 x 70, 1968,
owned by Janev Blagoj,
Strumica.

ЛЕТНА ТИШИНА,
масло на платно,
100x85, 1968,
сопственост на
Елена и Љупчо
Апостолови,
Струмица

SUMMER TRANQULITY
oil on canvas,
100 x 85, 1968,
owned by Elena and
Ljupco Apostolovi,
Strumica.





МРТВА ПРИРОДА,
масло на платно,
41,5x55, 1968,
сопственост на
Јанев Благој,
Струмица

STILL LIFE,
oil on canvas,
41.5 x 55, 1968,
owned by
Janev Blagoj,
Strumica.

ДАМА СО ЛЕПЕЗА
масло на платно,
150 x118. 1968,
сопственост на МСУ.
Скопје

LADY WITH FAN,
oil on canvas,
150 x 118, 1968,
owned by Museum of
Contemporary art ,
Skopje.





НЕНА, масло на платно,
101x79 , 1968,
сопственост на авторката

NENA, oil on canvas,
101 x 79, 1968,
owned by the author




ИЗГОРЕНА КУЌА,
масло на платно,120x160, 1968
сопственост на во МСУ,
Скопје

BURNT HOUSE,
oil on canvas, 120 x 160, 1968
owned by Museum of
Contemporary art , Skopje.



КАЛУЃЕРКА,
масло на платно,
135 x107, 1969,
сопственост на
Ликовната колонија,
Струмица

NUN,
oil on canvas,
135 x 107, 1969,
owned by Strumica
Art Gallery

ПОСЛЕДНИТЕ БЕЛИ КУЌИ,
масло на платно,100 x100, 1973,
сопственост на Ликовната
колонија, Струмица

THE LAST WHITE HOUSES,
oil on canvas, 100 x 100, 1973,
owned byStrumica Art Gallery.



ЕНТЕРИЕР СО ОГЛЕДАЛО,
масло на платно,
99,5x120, 1979,
сопственост на Ликовната
колонија, Струмица

INTERIOR WITH MIRROR ,
oil on canvas,
99.5 x 120, 1979,
owned by Strumica
Art Gallery.





СОНЧОГЛЕДИ, масло на платно, 50x65, 1979,
сопственост на Јасмина и Томче Томчеви

SUNFLOWERS, oil on canvas, 50X65, 1979,
Owned by Jasmina and Tomce Tomcevi



ЖОЛТИОТ КОНАК, масло на платно, 100x80, 1979,
сопственост на Живка и Петар Танушеви

THE YELLOW INN, oil on canvas, 100 x 80, 1979,
owned by Zivka and Petar Tanusevi, Strumica

ЛАМБА И СОНЧОГЛЕД,
масло на платно,
64x50, 1979,
сопственост на
Божинов Велибор

LAMP AND SUNFLOWER,
oil on canvas, 64 x 50, 1979,
owned by Bozinov Velibor.



ДАМА СО ЛЕПЕЗА, масло на платно,
120x100, 1989, сопственост на
Ликовната колонија, Струмица

LADY WITH A FAN, oil on canvas,
120 x 100, 1989, owned by
Art colony Strumica.



ЗЕЛЕНАТА КУЌА,
масло на платно,
92,5x75, 1989,
сопственост на
Ликовната колонија,
Струмица

THE GREEN HOUSE,
oil on canvas,
92.5 x 75, 1989,
owned by Strumica
Art colony.



ЦВЕТОВИ, масло на платно,
51x40, 1989, сопственост на
Милена и Ѓорѓи Новакови

BLOSSOMS, oil on canvas,
51 x 40, 1989, owned by
Milena and Gjorgi Novakovi





СОНЧОГЛЕДИ,
масло на платно,
59 x44, 1989,
сопственост на
др. Александар Ристевски

SUNFLOWERS ,
oil on canvas,
59 x 44, 1989,
property of
dr. Aleksandar Ristevski



КУЌИТЕ ОД
МАЛАТА УЛИЦА,
масло на платно,
73 x 61, 1990,
сопственост на
др. Александар
Ристевски

SMALL STREET
HOUSES,
oil on canvas,
73, x 61, 1990,
property of
dr. Aleksandar
Ristevski.



ЦВЕТОВИ, масло на платно, 60 x50, 1990, сопственост на Саветка и Кољо Шумарови

BLOSSOMS, oil on canvas, 60 x 50, 1990, owned by Savetka and Koljo Sumarovi.



СТРУМИЧКО ЛЕТО, масло на платно, 80 x 80, 1994, сопственост на Ликовната колонија, Струмица

STRIMICA SUMMER TIME, oil on canvas, 80, x 80, 1994, owned by Strumica Art colony.



КУМАНОВСКИ ФАСАДИ,
масло на платно,
80 x100, 1994,
сопственост на
Ликовната колонија,
Куманово

KUMANOVO FACADES,
oil on canvas, 80 x 100, 1994,
owned by Kumanovo Art colony.



КУЌАТА НА КАМИЛАРОВИ,
масло на платно,100x80, 1994,
сопственост на Ликовната
колонија, Струмица

THE HOUSE OF KAMILAROVI,
oil on canvas, 100 x 80, 1994,
owned by Strumica Art colony.

БЕГОВСКА КУЌА
ОД ШТИП,
масло на платно,
110x120, 1996,
сопственост
на авторката

THE HOUSE OF
BEY IN STIP,
oil on canvas,
110 x 120, 1996,
owned by
the author.





КУЌАТА НА
ХАЏИ-ТОСЕВИ,
масло на платно,
100x100, 2003,
сопственост на
Ликовната колонија,
Струмица

THE HOUSE OF
HADZITOSEVI,
oil on canvas,
100 x 100, 2003,
owned by Strumica
Art colony.



МРТВА ПРИРОДА
СО ЛАДАЛО,
масло на платно,
50x60, 2003,
сопственост на
Ликовната колонија,
Струмица

STILL LIFE
WITH A FAN,
oil on canvas,
50 x 60, 2003,
owned by Strumica
Art colony.



МАЛА УЛИЦА,
масло на платно,
81x100, 2005,
сопственост на
Ликовната колонија,
Струмица

THE SMALL STREET,
oil on canvas,
81 x 100, 2005,
owned by Strumica
Art colony.

БАЛКОН, масло на платно, 65x54, 2005, сопственост на авторката

BALCONY, oil on canvas, 65 x 54, 2005, owned by the artist.







НАПУШТЕНАТА КУЌА
80x65, 2005, сопственост на авторката

ABANDONED HOUSE
80 x 65, 2005, owned by the artist.



ПРАЗНИНА,
масло на платно,
65x54, 2005,
сопственост на
Ликовната колонија, Струмица

EMPTINESS,
oil on canvas,
65x 54 ,2005
owned by
Strumica Art colony.

ПАТОТ КОН ВЕЉУСА,
масло на платно,
55x71, 2006,
сопственост на
авторката

THE WAY TO VELJUSA,
oil on canvas,
55 x 71, 2006,
owned by the artist.





ЗАБОРАВЕН АГОЛ, масло на платно,
43x69, 2006, сопственост на авторката

FORGOTTEN ANGLE, oil on canvas,
43 x 69, 2006, owned by the artist.



БЕЛИ ЅИДОВИ масло на платно,
100x100, 1990, сопственост на
Ликовната колонија, Струмица

WHITE WALLS, oil on canvas,
100 x 100, 1990, owned by
Strumica Art colony.

Ана Темкова е родена во 1943 г. во Кавадарци. Во 1966 г. дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Белград, во класата на проф. Зоран Петровиќ. Во 1968/69 г. специјализирала мозаик во Равена-Италија, во класата на проф. Ренато Сињорини. Член е на ДЛУМ од 1967 г. Од 1967 до 1987 г. била слободен уметник, а од 1987 до 1993 г. работела како професор на Факултетот за ликовни уметости во Скопје.

Од 1993 г. до денес е слободен уметник. Студиски патувања имала во Франција, СССР, Италија, Грција, Шпанија, Бугарија, Холандија и Турција. Учествувала во повеќе наврати на ликовните колонии во земјата и во поранешна Југославија: Струмица, Прилеп, Куманово, Крива Паланка, Гевгелија, Сиќево, Почитељ, Ечка, и Дуго Село. Излагала на повеќе од сто групни изложби во земјата и во странство.

Адреса: Огњан Прица бр. 20-2/3, Скопје,
Тел: ++389 (0)2 / 316-2442
e-mail: atemkova@mt.net.mk

Ana Temkova was born in Kavadarci, 1943 . Graduated from the Faculty of Fine Art in Belgrade ,1966, in the class of prof. Zoran Petrovic. During 1968/69 , specialization in mosaic , Ravena Italy, in the class of prof. Renato Signorini. Member of DLUM since 1967.

Enagagements:

In the period 1967 1987 - freelance artist.

From 1987 to 1993 - professor at Skopje Faculty of Fine Arts.

From 1993, up to nowadays ,she acts as a freelance artist.

Study journeys in : France, USSR, Italy, Greece, Spain, Bulgaria, Netherlands and Turkey. Numerous participations at art colonies in the country and the Republics of Former Yugoslavia: Strumica, Prilep, Kumanovo, Kriva Palanka, Gevgelija, Sikevo, Pocitelj, Ecka and Dugo Selo. Realization of more than a hundred group exhibitions, in the state and abroad.

Address: 1000 Skopje, Ognen Prica ,20/II-3
Tel: ++389 (0)2 / 316-2442
e-mail: atemkova@mt.net.mk



## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1968- Штип, Уметничка галерија
1969- Равена, Италија, Галерија "А Мариани"
1970- Скопје, Уметничка галерија
1970- Охрид, Моша Пијаде
1971- Белград, Дом на ЈНА
1972- Нови Сад, Мал ликовен салон
1973- Скопје, Центар за култура и информации
1974- Скопје, Дом на ЈНА
1976- Сомбор, Галерија Сомбор
1980- Скопје, Центар за култура и информации
1980- Куманово, Уметничка галерија
1980- Неготино, Музеј на град Неготино
1980- Кавадарци, Народен музеј
1992- Скопје, КИЦ
1997- Скопје, Музеј на град Скопје
2001- Скопје, Музеј на град Скопје
2006- Струмица, НУ Центар за култура "Антон Панов"
- Штип, Завод-Музеј Штип, Галерија "Безистен"
- Куманово, НУ Музеј Куманово, Уметничка галерија

## МОНУМЕНТАЛНИ ДЕЛА ИЗЕВДЕНИ ВО МОЗАИК

1971- Скопје, Фауна и флора, Стопанска банка
1971- Скопје, Розета, Стопанска банка
1971- Скопје, Купел-крстилница на црквата Св. Петка
1977/78- Скопје, Монети низ вековите во Македонија, Комерцијална банка
1982/84- Галичник, Неда"

## НАГРАДИ

1966 - Белград, Сојузна младинска награда за сликарство '66"
1967 - Тузла, Награда за портрет, Галерија на југословенскиот портрет
1968 - Скопје, Награда за сликарство од весникот "Млад борец"
1969 - Равена, Италија, Награда "Винченцо Монти"
1975 - Тузла, Откупна награда, Галерија на југословенскиот портрет
1975 - Сараево, Откупна награда за портрет од Весникот "Ослобоѓење"
1978 - Скопје, Републичка награда "11 Октомври"
1979 - Скопје, Откупна награда за графика од НУБ "Климент Охридски"
1983 - Скопје, Награда за сликарство "Нерешки мајстори"
1984 - Скопје, Награда за сликарство "ЛИКУМ", Авторска агенција на СРМ
1986 - Скопје, Откупна награда за акварел, од Синдикатите на СРМ
1986 - Скопје, Откупна награда за сликарство од ФАС "11 Октомври"
1995 - Скопје, Награда за сликарство мал формат "Димитар Пандилов"
1996 - Скопје, Гран При, ДЛУМ-Зимски салон
2003 - Скопје, Награда за сликарство "Лазар Личеновски", ДЛУМ

## SOLO EXHIBITION

1968- Stip, Art Gallery
1969- Ravena, Italy, Gallery"A. Mariani"
1970- Skopje, Art Gallery
1970- Ohrid, "Mosa Pijade"
1971- Belgrade, "Dom JNA"
1972- Novi Sad, Small Art Saloon
1973- Skopje, Culture &information Centre
1974- Skopje, "Dom JNA"
1976- Sombor, Gallery Sombor
1980- Skopje, Culture &information Centre
1980- Kumanovo, Art Gallery
1980- Negotino, Museum of Negotino
1980- Kavadarci, National Museum
1992- Skopje, KIC ( Culture &information Centre)
1997- Skopje, Museum of the town of Skopje
2001- Skopje, Museum of the town of Skopje
2006- Strumica, NUCK "Anton PANOV"
- Stip, Institution- Museum Stip, Gallery "Bezisten"
- Kumanovo, Museum Kumanovo, Art Gallery

## MONUMENTAL MOSAIC WORKS

1971 -Skopje "Flora and Fauna", Stopanska Bank
1971 - Skopje,"Rozeta"Stopanska Bank
1971 - Skopje, "Font-baptistery", church "St. Petka"-Skopje
1977/78-Skopje,"Coins through the centuries in Macedonia", Commercial Bank
1982/84- Galicnik"Neda"

## AWARDS

1966 - Belgrade, Youth Union Art painting award"66".
1967 - Tuzla, Award for portrait, Gallery of Yugoslavian portrait
1968 - Skopje, Art painting reward of the magazine "Mlad Borec"
1969 - Ravena, Italy, Award "Vincenco Monti"
1975- Tuzla, , Gallery of Yugoslavian portrait reward
1975 - Saraevo, Portrait reward , magazine" Oslobogenje"
1978 - Skopje, Republic Award"11 Oktomvri"
1979 - Skopje , Graphic-art award , by NUB"Kliment Ohridski"
1983 - Skopje, Art painting reward " Nereski majstori"
1984 - Skopje , Art painting reward "LIKUM" Author's agency of RM
1986 - Skopje , Award for aquarelle, Syndicates of RM
1986 - Skopje, Art painting award FAS"11 Oktomvri"
1995 - Skopje, Art painting award-small format " Dimitar Pandilov"
1996 - Skopje, Grand Prix , DLUM Winter Saloon
2003 - Skopje, Art painting reward, "Lazar Licenovski", DLUM

## ОДБРАНА БИБЛИОГРАФИЈА


1966 - Гилевски, Паскал, Есенска изложба на ДЛУМ, Н. Македонија, 2. 12.1966
- Урошевиќ, Влада, Једна нова генерација, Борба, Белград, 11. 12 1966

1967- Абаџиева-Димитрова, Соња, изложба на современите македонски сликари од младата генерација, Современост, XVII, бр. 5, 1967

1968 - (аноним.) Ана Темкова -Рафинирано чувство за реалност, Млад Борец, Скопе, 21. 3 1968

1969 - Спировска, О. Мозаикот филтер за бојата и композицијата на сликата, Н. Македонија, 28. 7.1969
- Моргагни, Пино, (предговор за кат) Еспоне ла питтрице Ана Темкова, Галлериа д'Арте "А. Мариани", Равена, 1969 (преземено од МСУ, М. Лешкова)
- Фусигнано, А., Аперта ла стагионе делле естемпоранее, Ил Ресто дел Царлино, Равена,
- 1969 (преземено од МСУ, М. Лешкова)

1970- Урошевиќ, Влада, (предговор во кат.) Изложба на слики и мозаици, Уметничка галерија Скопје, 26.3-13. 4 1970 (преземено од МСУ, М. Лешкова)
- Абаџиева-Димитрова, Соња, По повод самостојната изложба на Ана Темкова во Уметничка галерија -Скопје, Современост, XX, бр.6,
- Петковски, Борис, Изложба на слики и мозаици на АнаТемкова, Н. Македонија, 25 IV, 1970
- (аноним) Југословенска ликовна репрезентација у Ници, Политика Експрес, Белград 7. IV 1970
- Душаниќ, М, Један тренутак са Аном Темковом, Борба, Београд, 1. IX.1970
- Петлески, Ордан и Глигор Чемерски, (предговор во кат.) Дом на културата"Моша Пијаде",Охрид, 1970

1971-Пукиќ, Марија, Облици-Фигуративне апстракције, Вјесник, Загреб, 3. III.1971
- Татиќ,М.,Прошлост као инспирација, Рад, Белград,19.III 1971
- Смически, Киро, Ана Темкова - носталгија по минатото, Современост, XXI, бр, 5, 1971
- Урошевиќ, Влада, Одаи на споменот, одаи на заборавот, во Врсници, Скопје, Мисла, 1971

1972 - Поповиќ, Марко, Ана "васкрсава" портрет, Политика Експрес, Белград, 12.2 1972

1973 - Урошевиќ, Влада, (предговор во кат.) Центар за култура и информации, Скопје, 28. 5-6. 6 1973 ( преземено од МСУ, М. Лешкова)
- Спировска, Олга, Македонска колекција во Цетиње, Н. Македонија, декември 1973
- Чемерски, Глигор, (предговор во кат.) 10 години струмичка ликовна колонија 1963-1973, 1973

1974- Дирјан, Лилјана, Ана Темкова, Студентски збор, Скопје, 22. ИВ 1974
- Петковски, Борис, Графиката- уметност што наеднаш се развива, Н. Македонија, Скопје, 29.IX 1974
- Бошнаковска, Гордана и Влада Урошевиќ, (предговор за кат.) Скопје, 1974
- Дамјановска, Љ., Преглед на современото македонско сликарство, Н. Македонија, 1974

1975 - Марковиќ, Слободан, Портрет побегао од портрета, Борба, Београд, 27.XII.1975

1976- Петковски, Борис, Наглашена индивидуалност, Око, Загреб, 2. XII, 1976
- Дамјановска, Ліубица, (предговор во кат.) Салон Сомбор, Ликовна Јесен, Сомбор, 1976
- Ладања, Катерина, Рехабилитација на портретот, Н. Македонија, 7. 3 .1978

1977- Величковски, Владимир, Најцелосно презентирање , Н. Македонија, 20.11 1977

1978 - J. Колективна слика од 28 метара, Политика, Београд, 8. 4 1978
- Дамјановска, Љубица, Ликовни остварувања на Темкова и Маневски во Стопанската банка во Скопје, Разгледи, XX, бр.9, 1978


## SELECTED BIBLIOGRAPHY


1966 Gilevski Paskal, Autumn exhibition of DLUM, daily magazine "Nova Makedonija",2.12.1966
Urosevik Vlada, One new generation, "Borba" Belgrade 11.12.1966

1967 Abadzieva Dimitrova Sonia, Macedonian Contemporary young generation artists exhibition, "Sovremenost"XVII, 5,1967

1968 (anonym), Ana Temkova , Refined sense of reality, "Mlad Borec" Skopje, 21.03.1968

1969 Spirkovska Olga, The mosaic, filter of the colour and the painting composition , daily magazine "Nova Makedonija", 28.07.1966
- Morgagni Pino(catalogue preface) "Espone la pitricce Ana Temkova, Art Galerry "A. Mariani",Ravena, 1969(Contemporary art museum, M .Leskova).
- Fusignano.A, "Aperta la stagione delle estemopranee, Il Resto del Carlino, Ravena, 1969 (taken by Contemporary art museum,M Leskova).

1970 Urosevik Vlada, (catalogue preface),Paintings and mosaic Exposition, Skopje Art Gallery,26.3-13.4,1970(Contemporary art museum,M Leskova).
- Abadzieva Dimitrova Sonia, In occasion of the solo exhibition of Ana Temkova at Skopje Art Gallery,"Sovremenost" ,XX, No 6
- Petkovski Boris, Paintings and mosaic exposition of Ana Temkova, "Nova Makedonija",25.04,1970
-(anonym) Yugoslavian art painting representation at Nice, "Politika Ekspres", Belgrade 07.04,1970
- Dusanik M, A moment with Ana Temkova, "Borba"01.09.1970
- Petleski Ordan and Gligor Cemerski, (catalogue preface), Culture center"Mosa Pijade" Ohrid, 1970

1971 Pukik Marija, Shapes of figurative abstraction, "Vjesnik"- Zagreb 03.03.1971
– Tatik M, The past like an inspiration, "Rad"-Belgrade, 19.03,1971
– Smicevski Kiro, Ana Temkova- nostalgia upon the past, "Sovremenost" XXI No 5,1971
– Urosevik Vlada, Rooms of Memory ,rooms of forgetfulness in Vrsnici, Skopje "Misla "1971

1972 Popovik Marko, Ana "Resurrects" portrait, "Politika ekspres", Belgrade ,12.2.1972

1973 Urosevik Vlada, "(catalogue preface) Culture and informative center of Skopje, 28.05 06. 06,1973 (taken by Contemporary art museum, M Leskova)
- Olga Spirovska, Macedonian Collection in Cetinje. "Nova Makedonija"December 1973

1974 Dirjan Liljana, Ana Temkova, "Studentski zbor" Skopje, 22.04.1974
- Petkovski Boris, The graphics technique that develops all at once, "Nova Makedonija" Skopje, 29.09.1974
- Bosnakovska Gordana and Vlada Urosevik, (preface catalogue) Skopje, 1974
- Ljubica Damjanovska , Review of the Macedonian contemporary art painting, "Nova Makedonija" 1974

1975 Markovik Slobodan, Portrait escaped from a portrait, "Borba"Belgrade, 27.12,1975

1976 Petkovski Boris, Emphasized individuality,"Oko" Zagreb, 2.12.1976
- Damjanovska Ljubica ( preface in a catalogue) Sombor Saloon, Art autumn, Sombor, 1976
- Ladanja Katerina, Portrait rehabilitation, "Nova Makedonija"7

1977 Vladimir Velickovski, Most complete presentation, "Nova Makedonija" ,20.11,1977

1978 Collective picture, 28 meters, "Politika" Belgrade, 08.04.1978
- Damjanovska Ljubica, Art creations of Temkova and Manevski, Stopanska Bank, Skopje" Razgledi" XX No 9,1978
- Bukimirovik Dragana , I never give my self only to one idea " Politika" ,Belgrade ,06.7.1978
- Sirilov T., The coins in Macedonia, through the centuries, "Vecer" 18.11.1978

1979 A. Dimitrova Sonia, In the flower's space " Komunist", Skopje, 22.02.1979
- Misirkova- Rumenova Kata, Traces of the world that disappears, "Nada" Belgrade , 26.10.1979

- Букумировиќ, Драгана, Не предајем се никада само једној замисли,Политика, Београд, 6. 7. 1978
- Ширилов, Т, Монетите во Мекедонија низ векови, Вечер, 18. 11 1978

1979 - А. Димитрова, Соња, Во просториte на цвеќето, Комунист, Скопје, 22. 2. 1979
- Мисиркова-Руменова, Ката, Трагови света који нестаје, Нада, Белград, 26.10. 1979
- Вецовска, Е., Палета и мистрија, Борба, Белград, 7. 2 1979
- Бошњаковиќ, Михајло,(предговор за катал.) Жене сликари из галерије Надежде Петровиќ, Чачак, 2-27. 3.1979
- Трифуновска, Радмила, Сликар на македонското поднебје, Македонија, март, 1979, стр., 18-19
- Апостоловски, Љупчо, (предговор во кат.) XVI Струмичка ликовна колонија, 1979

1980- Даниловиќ, Вера, (предговор во кат.) Центар за култура и информации, Скопје, фебруари-март, 1980 (преземено од МСУ, М. Лешкова)
- Величковски, Владимир, Тивка арабескна поеточност, Н. Македонија, 1980
- Васиќ, Павле ет ал. (предговор во кат.), Музеј-Галерија, Кавадарци, 1980

1981- Петковски, Борис, Современо македонско сликарство, Македонска ревија, Скопје, 1981
- Чокревска-Филип, Јасмина, Настан кој заслужува поздравување, Македонија, јуни, 1981, стр. 24-25

1982- Станојевиќ, Бранимир, Пут у слику, 4 Јул, Београд, 27 јули. 1982, стр. 12

1983- Каранфиловски, Ванчо, Свртена сум кон себе и кон традицијата, Екран, 29. 8 1983

1984- Павловиќ, Драган, (Биенале на цртеж), Млад борец, бр.1433-34, стр. 13

1985- Павлиќ, Тања, Разговор са сликарицом, Дугоселска кроника, јули 1985, стр. 11
- Теодосиевски, Златко, Два суштинска момента, Око, Загреб, 2-12.-3. 1 1985

1986- Дамјановка, Љубица, Современи скопски графичари : Недела на Скопје во Ташкент, декември 1986
- Величковски, Валдимир, Савремени македонски акварел, Савремена галерија, Зрењанин, 1986

1987- Клетников, Ефтим, Мозаикот "Неда" во Галичник, Просветена жена, мај 1987, стр. 52
- Саздова, Винка, Генерација SY хиперреализам, Вечер, 14. 3 1987, стр 7
- М. Ж., "Генерација 66" у Уметничком павиљону Цвјете Зузориќ, Политика, 1987
- Ѓуровска, Софија, Генерацијата што ја одбележа уметноста, Н. Македонија,1987
- Абаџиева-Димитрова, Соња, Посмел дискурс, Комунист, 1987

1988- Саздова, Винка, Ја љубам патината на старините времиња, Вечер, 21. 5 1988, стр. 20

1989- Бошњаковиќ, Михајло,(предговор за катал.) Жене ликовни ствараоци: 1900-1980 из галерије Надежде Петровиќ, Чачак
- Пауновски, Љубен, Годишна изложба на ДЛУМ цртеж'88, Млад борец, 12. 2.1989

1990- Величковски, Владимир, Светлина на поднебјето, Н. Македонија, 24. 2 .1990

1991- Величковски, Владимир, Специфични достигања, Н. Македонија, 1 2. 1 1991

1992- Пиркоска, Конча, (предговор во кат.) за самостојната изложба на А. Темкова, МГС, 1992
- Христова-Јоциќ, Светлана и Гордана М. Бошнаковска, Разговор за Ана, Современост, X-XI, бр. 9-10, 1992, стр.148-149
- Ристовска, В., Плодовите носат радост и оптимизам, Н.Македонија, 12. 11 1992, стр. 11
- Величковски, Владимир, Поетиката во предметот, Лик, 11. 11 1992, стр. 11

1995- Ѓуровска, Соифија, 18 графичари на ФЛУ од Скопје, Н. Македонија, 3. 2 1995, стр. 9

- Vecovska E., Palette and trowel," Borba" Belgrade, 07.02.1979
- Bosnakovski Mihailo (preface in catalogue)Women painters from the gallery of Nadezda Petrovik, Cacak, 02-27.03.1979
- Trifunovska Radmila, Painter of the Macedonian environment, "Nova Makedonija" March 1979, pages 18-19.
- Aspostolovski Lupco (catalogue preface) XVI Strumica Fine Arts Colony,1979

1980 Danilovik Vera, (catalogue preface), Culture and information center , Skopje, february-march 1980, (taken by Contemporary art museum, M Leskova)
- Velickovski Vladimir, Quiet arabesque poetry," Nova Makedonija"1980
- Vasik Pavle ( catalogue preface) ,Museum- Gallery, Kavadarci, 1980

1981 Petkovski Boris, Contemporary Macedonian art painting, "Makedonska revija" Skopje,1981
- Cokrevska Filip Jasmina, Event to deserve salutation," Makedonija" June 1981, pages 24-25

1982 Stanojevik Branimir, Road in a painting ,27.07.1982 Belgrade page 12

1983 Karanfilovski Vanco, I am turned to my self and to the tradition, Ekran" 29.08.1983

1984 Pavlovik Dragan, (biennale of drawing) "Mlad Borec" No 1433-34 page 13

1985 Pavlik Tanja, Conversation with the artist, "Dugoselska kronika" July 1985, page 11
- Teodosievski Zlatko, Two essential moments, "Oko", Zagreb 02.12- 03.01,1985

1986 Damjanovska Ljubica, Contemporary graphic-art creators of Skopje , Skopje week in Taskent, December 1986
- Velickovski Vladimir, Contemporary Macedonian aquarelle, Contemporaray Gallery, Zrenjanin, 1986

1987 Eftim Kletnikov, The mosaic" Neda" in Galicnik , "Prosvetena zena" May 1987, page 52
- Sazdova Vinka, Generation YU hyperrealism, "Vecer" 14.03.1987, page 7
- M.Z., Generation 66, in the Art pavilion of Cveta Zuzorik, "Politika" 1987
- Gurovska Sofija, The generation that underlined the art, "Nova Makedonija" ,1987.
- Abadzieva Dimitrova Sonia, More courageous discourse, "Komunist" ,1987

1988 Sazdova Vinka, I like the old time patina ," Vecer", 21.05.1988, page 20

1989 Bosnakovik Mihailo ( catalogue preface) Women art creators: 1900 1980, from the gallery of Nadezda Petrovik, Cacak
- Paunovski Luben, DLUM Annual exhibition Drawing '88, " Mlad Borec", 12.02.1989

1990 Velickovski Vladimir, Brightness of the environment, "Nova Makedonija" 24.02.1990

1991 Velickovski Vladimir, Specific achievements, "Nova Makedonija" 12.01.1991

1992 Konca Pirkoska ( preface catalogue) Ana Temkova solo exhibition at Museum of the town of Skope, 1992
- Svetlana Hristova Jocik and Gordana M. Bosnakovska , Conversation about Ana, "Sovremenost",X-XI,No 9-10, pages148-149
- Ristovska V, The fruits bring joy and optimism, "Nova Makedonija" 12.11.1992, page 11
- Velickovski Vladimir, The poetry into the object, "Lik" 11.11.1992 , page 11

1995 Gjurovska Sofija, 18 graphic art creators from Skopje Faculty of Fine Arts , "Nova Makedonija", 03.02.1995, page 9

1996 Vaseva Dimeska Viktorija, The still world of ephemeral, Conversation with Ana Temkova, "Kulturen zivot" January-march, 1996, page16-25
- Gurovska Sofija, So limited and closed , "Lik" 07.03.1996, p.13
- Jakonov Nebojsa, Fifty years loyality, "Puls", 06.12.1996, p.23-26
- Kostova Marina, I paint the oblivion, "Vecer"11.02.1996, p.12
- Velickovski Vladimir DLUM 50 years 1946-1996, DLUM Skopje,1996

1997 Gorgievski Vladimir, Poetry that disturbs,"Lik-Nova Makedonija", 15.10.1997, page 14

1996- Васева -Димеска, Викторија, Тивкиот свет на минливоста: Разговор со Ана Темкова, Културен живот, јануари-март, 1996, стр. 16-25
- Ѓуровска, Софија, 75 ликовни уметници од Македонија, Лик, 30.1.1996, стр. 14
- Ѓуровска, Софија, Толку сме затворени во границите, Лик, 7. 3 1996, стр. 13
- Јаконов, Небојша, Педесет години верност, Пулс, 6 декември, 1996, стр. 23-26
- Костова, Марина, Го сликам заборавот, Вечер, 11. 2 1996, стр. 12
- Величковски, Владимир, ДЛУМ 50 години 1946-1996, ДЛУМ, Скопје,1996

1997- Ѓорѓиевски, Владимир, Поетичност што вознемирува, Лик, Н Македонија,15. 10 1997, стр 14
- Дирјан, Лилјана, Секоја куќа е посебна, Жена, ноември 1997, стр. 8-10
- Васева Димеска, Викторија и Емил Алексиев (предговори во кат.) за самостојната изложба на А. Темкова, МГС, септември, 1997

1998- Карапашовска, Менка, (предговор во катал.) Од ризницата на Уметничка галерија Скопје, 1948-1998
- Величковски, Владимир, Портретот во македонската ликовна уметност на XX век, Македонска цивилизација, Скопје, 1998, Скопје,

2000- Божурски, Гоце, Големиот ранг на малиот формат, Утрински весник, 7. 2 2000, стр. 15

2001- Алексиев, Емил и Конча Пиркоска (предговори во кат.) за самостојната изложба на А. Темкова, МГС, Скопје, Ноември-декември
- Оровчанец-Спировска, Е., Одблесоци на минатото во сликите на Темкова, Вест, 3.12 2001
- Ѓуровска, Софија, Две слики за две сликарски расположенија, Лик, 12.12.2001
- Јарчевска, Ивана, Носталгично-интимни сцени, Актуел, 30. 11 2002, стр. 41
- Пиркоска, Конча, Детските години на Ана Темкова, Интервју бр 8-9, 26.12 2001, стр. 52-53
- Темков, Кирил, Полн салон со убавина, Лик, 29.11 2001
- Блажевска, Гордана, Продолжив да го работам тоа што го замислив, Утрински весник, 4. 12 2001, стр.15
- Мимоза, Петревска, Време заробено во огледало, Денес, 29.11 2001, стр. 50-52
- Колевска, Гордана, Носталгичен дијалог со времето, Теа модерна, 5.12. 2001, стр. 22-23
- Р.Ф., Времена носталгија, Форум, 30. 11-13. 12 2001
- Абаџиева, Соња, Длабоко дишење:Аспекти на женското писмо во македонската ликовна уметност на 20. Век, Скентпоинт/Лауренс Костер, Скопје, 2001

2003- Пепиќ, Бранко, 40 години Меѓународна струмичка ликовна колонија: Паралелен ликовен свет, 1-20. 8 2003

2005- Пиркоска, Конча, (предговор во кат.) 42 Меѓународна струмичка ликовна колонија, 1-20. 8 2005, НУЦК, "Антон Панов", Струмица, 2005

- Dirjan Liljana, Each house is particular, "Zena",November 1997, page 8-10
- Vaseva Dimeska Viktorija and Emil Aleksiev( catalogue preface) Solo exhibition of Ana Temkova, Skopje Museum, September 1997

1998 Karapasovska Menka, (catalogue preface), From the treasury of Skopje Art Galerry, 1948-1998
- Velickovski Vladimir,The Portrait in the Macedonian art painting of XX century, Macedonian civilization, Skopje,1998

2000 Bozurski Goce, The great range of the small format, "Utrinski vesnik", 07.02.2000, page 15

2001 Aleksiev Emil and Konca Pirkoska, (catalogue preface), about the solo exhibition of Ana Temkova, Skopje Museum, November- December
- Orovcanec-Spirkovska E, Reflections of the past into the paintings of Temkova, "Vest", 03.12.2001
- Gurovska Sofija, Two paintings - two art painting tempers, "Lik"12.12.2001
- Jarcevska Ivana, Nostalgic- intimate scenes, "Aktuel", 30.11,2002 page 41
- Pirkoska Konca, The childhood of Ana Temkova ,"Intervju" No 8-9, 26.12.2001, page 52-53
- Temkov Kiril, Salon filled with beauty, "Lik" ,29.11.2001
- Blazevska Gordana, I continued to work the imagined one , "Utrinski Vesnik" 04.12.2001, page 15
- Mimoza Petrevska, Time captured in mirror, "Denes", 29.11,2001 pages 50-52
- Kolevska Gordana, Nostalgic time dialogue , "Tea Moderna , 05.12.2001, page 22-23
- R.F., Framed nostalgy, "Forum" 30.11.-13.12,2001
- Abadzieva Sonia, Deep breathing; Aspects of the women writing in the Macedonian painting art of 20 century, "Skentpoint/ Laurens Koster, Skopje, 2001)

2003 Pepik Branko, "40 years International Strumica fine arts colony " Parallel art world ; 01-20. 08.2003

2005 Pirkoska Konca, (catalogue preface) 42 International Strumica Fine Arts Colony,1-20.08.2005 NUCK "Anton Panov" Strumica,

КАТАЛОГ НА ДЕЛА

1. **Летна тишина,** масло на платно, 100x85, 1968
2. **Дама со црвени ракавици**, масло на платно,100x70,1968
3. **Мртва природа, масло на платно**, 41,5x55, 1968
4. **Дама со лепеза масло на платно**, 150x118, 1968
5. **Изгорената куќа,масло на платно**, 120 x 160, 1968
6. **Нена, масло на платно**, 101x79, 1968
7. **Калуѓерка, масло на платно**, 135x107, 1969
8. **Последните бели куќи, масло на платно**,100x100, 1973
9. **Ентериер со огледало масло на платно**,99,5x120, 1979
10. **Жолтиот конак, масло на платно**.100x80, 1979
11. **Ламба и сончоглед, масло на платно**, 64x50, 1979
12. **Дама со лепеза, масло на платно**,120x100, 1989
13. **Зелената куќа, масло на платно**,92,5x75, 1989
14. **Софиларско цвеќе, масло на платно**, 55,5x39,5, 1989
15. **Цветови, масло на платно**, 51x40, 1989
16. **Сончогледи, масло на платно**, 59 x44, 1989
17. **Куќите од малата улица, масло на платно**, 73 x 61, 1990
18. **Цветови, масло на платно**, 60x50, 1990
19. **Струмичко лето, масло на платно**, 80X80, 1994
20. **Куќата на Камиларови, масло на платно**,100x80, 1994
21. **Кумановски фасади, масло на платно**, 80x100, 1994
22. **Беговска куќа од Штип, масло на платно**, 110x120, 1996
23. **Куќата на Хаџи-Тосеви, масло на платно**, 100x100, 2003
24. **Мртва природа со ладало, масло на платно**, 50x60, 2003
25. **Малата улица, масло на платно**, 81x100, 2005
26. **Балкон, масло на платно**, 65x54, 2005
27. **Напуштената куќа, масло на платно**, 80x65, 2005
28. **Празнина, масло на платно**, 65x54, 2005
29. **Патот кон Вељуса, масло на платно**, 55x71, 2006
30. **Заборавен агол, масло на платно**, 43x69, 2006
31. **Бели ѕидови, масло на платно,** 100x100, 1990

CATALOQUE OF ART PIECES

1. **Summer tranquillity**, oil on canvas 100 x 85, 1968
2. **Lady with red gloves**, oil on canvas, 100 x 70, 1968
3. **Still life, oil on canvas** 41,5 x 55, 1968
4. **Lady with fan, oil on canvas** , 150 x 118, 1968
5. **Burnt house**, 120 x 160 , 1968
6. **Nena, oil on canvas** 101 x 79, 1968
7. **Nun, oil on canvas** 135 x 107, 1969
8. **The last white houses, oil on canvas** 100 x 100, 1973
9. **Interior with mirror, oil on canvas**, 99,5 x 120,1979
10. **The yellow inn, oil on canvas** 100 x 80, 1979
11. **Lamp and sunflower, oil on canvas** 64 x 50, 1979
12. **Lady with fan, oil on canvas**, 120 x 100, 1989
13. **The green house, oil on canvas**, 92.5 x 75 ,1989
14. **Flowers of Sofilari, oil on canvas**, 55.5 x 39.5, 1989
15. **Blossoms, oil on canvas**, 51 x 40, 1989
16. **Sunflowers, oil on canvas**, 59, x 44, , 1989
17. **Small street houses, oil on canvas**, 73, x 61, 1990
18. **Blossoms, oil on canvas**, 60 x 50,1990
19. **Strumica summer time**, oil on canvas, 80 x 80, 1994
20. **The house of Kamilarovi**, oil on canvas, 100 x 80,1994
21. **Facades of Kumanovo**, oil on canvas, 80 x 100,1994
22. **The house of a Turkish Bey in Stip**, oil on canvas, 110x120,1996
23. **The house of Hadzi- Tosevi,oil on canvas**, 100 x 100, 2003
24. **Still life with fan, oil on canvas**, 50 x 60, 2003
25. **The small street, oil on canvas**, 81 x 100, 2005
26. **Balcony, oil on canvas**, 65 x 54,2005
27. **Abandoned house, oil on canvas**, 80 x 65 ,2005
28. **Emptiness, oil on canvas** 65 x 54, 2005
29. **The way to Veljusa, oil on canvas**, 55 x 71 ,2006
30. **Forgotten angle, oil on canvas**, 43 x 69, 2006
31. **The white houses, oil on canvas**, 100 x 100, 1990